Romalitico
ROMA POLICY ANALYSIS

# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА СТЕПЕНОТ НА ДОВЕРБА ПОМЕЃУ ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ КОИШТО ЖИВЕАТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Институт за истражување и анализа на политики - Ромалитико Скопје

Скопје, 2021

Издание на: Институт за истражување и анализа на политики „Ромалитико“

Град и година: Скопје, 2021

Автор: Мухамед Ајваз

Ментор: Мемети Алберт

Графичко уредување: Дениз Селмани

Бесплатен/некомерцијален тираж

# Содржина

ВОВЕД ........ 1

КОНТЕКСТ ........ 3

МЕТОДОЛОГИЈА ........ 5

РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА ........ 8

1. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ НА ОСНОВА НА ЦЕЛИОТ ПРИМЕРОК ........ 8

2. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ СПОРЕД ЕТНИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ ........ 19

3. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА РАЗЛИКИТЕ ПОМЕЃУ ИСПИТАНИЦИТЕ ОД РАЗЛИЧЕН ПОЛ, ОБРАЗОВАНИЕ, РЕЛИГИСКА ПРИПАДНОСТ И РАБОТЕН СТАТУС 26

ЗАКЛУЧОЦИ ........ 32

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 38

ПРИЛОЗИ ........ 39

# ВОВЕД

Речиси и по 30 години независност на Република Северна Македонија, две суштествени прашања доминираат во надворешната и внатрешната политика и тоа: **внатрешната кохезија** помеѓу етничките групи која во голема мера ја детерминира внатрешната политика во однос на која етнички заедница *"губи" или "добива"* од распределбата на јавни добра, и второто прашање **признавање на националниот идентитет** од соседните држави кои ја детерминираат надворешната политика и влезот во ЕУ. Ваквата констелација на односите внатре во државата и надвор помеѓу државите во голема мера влијаат врз општествените односи, економскиот развој и стабилноста на државата, но исто и врз развојот на национализам и/или етноцентризам помеѓу различните групи во државата. Политичките процеси, селективната правда, врзаноста на правата со големината на етничките заедници доведува до задушување на општествените односи во државата, при што толерантноста внатре кон заедниците но и кон соседите се намалува.

Условно кажано, недовербата помеѓу заедниците во минатото на балканскиот полуостров, но и во Република Северна Македонија предизвика сериозни последици, а штетите беа огромни. Еден од поважните настани во поновата историја на државата е конфликтот во 2001 година, којшто следуваше по низа на настани кои меѓу другото беа резултат токму на недовербата помеѓу заедниците. Конфликтот беше и причината за потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, каде што, главен акцент е ставен на прекинот на непријателствата, развојот на децентрализирана власт, недискриминација и правична застапеност и употреба на јазиците.[1] Речиси две децении по потпишувањето на Рамковниот договор, постојат незадоволни и задоволни страни, постојат различни ставови во однос на тоа која заедница најмногу изгуби со овој договор, а која најмногу доби, и сето тоа директно влијае и врз довербата помеѓу различните етнички заедници. Овој договор е прв исклучително важен договор според кој се уредуваат односите помеѓу државата и припадниците на различните заедници.

Како понов документ во насока на развивање на интеркултурализам во македонското општество е Стратегијата - „Едно општество за сите". Според авторите, овој документ подразбира: признавање на сите различности, гарантирање и обезбедување еднаквост, социјална правда, правичност, еднакви можности на жените и мажите, рамномерен регионален развој како и вклученост и учество на граѓаните во одлучувањето и постигнување општествена кохезија[2]. Овие документи се креирани во насока на подобрување на состојбите, но и зацврстување на довербата помеѓу етничките заедници, кои иако на прв поглед делуваат како два спротивни начини на зајакнување на довербата - при што од една страна Рамковниот договор ја обврзува државата да обезбеди унапредување на правата на малцинствата, додека пак, стратегијата за „Едно Општество за сите" предвидува надминување на етничките разлики и креирање на еднакво општество без разлика на припадноста.

Досега во историјата се покажало дека во услови на економска криза и општа несигурност за безбедноста, меѓусебната довербата на групите (етнички, религиозни) се намалува додека стереотипите и предрасудите се зголемуваат. Во таа насока, Ковид 19 кризата ги истакна на виделина системските недостатоци на сите досегашни влади, додека на површина испливаа и ставови од типот дека верските или етничките групи ја загрозуваат безбедноста на останатите групи. Дискусијата за пописот во 2021 повторно во фокус ја стави меѓусебната доверба помеѓу заедниците,

[1] Охридски Рамковен договор (2001), https://www.pravdiko.mk/wpontent/uploads/2013/11/ramkoven_dogovor-3.pdf

[2] Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020-2022 https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_ednoopshtestvo_29.10.2019.pdf

поради стравот за големината на етничките заедници кои се наметна како  еден од предусловите за стекнување на одредени права во Република Северна Македонија.

Токму ваквата поставеност на надворешните и внатрешните односи во државата, како и политичките процеси во државата, беа главен мотив на Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико" – Скопје да пристапи кон Истражување за меѓуетничките односи и ставови коишто различните групи ги имаат едни за други. Оваа анализа има за цел да го испита степенот на доверба помеѓу различните етнички заедници кои живеат во Република Северна Македонија, како и да одреди кои карактеристики имаат влијание во формирањето на ставовите на припадниците на различните етнички заедници кон другите граѓани (од други етнички заедници). Воедно, резултатите од ова истражување даваат препораки до сите засегнати страни за  надминување на меѓусебните бариери и зголемување на довербата помеѓу заедниците кои живеат во Република Северна Македонија.

Првиот дел од ова истражување дава приказ на историскиот контекстот во Република Северна Македонија во поглед на етничките односи, вториот дел се однесува на методолошкиот аспект на истражувањето и демографските карактеристики на испитаниците. Анализата на податоците е прикажана во третиот дел, при што истата е поделена на три дела – и тоа анализа на податоци на основа на целиот примерок, анализа на податоци според етничките карактеристики и статистичка анализа на разликите помеѓу испитаниците од различен пол, образование, религиска припадност и работен статус. Четвриот  дел дава сумирани заклучоци и препораки за зголемување на довербата кон креаторите на политики.

# КОНТЕКСТ

Република Северна Македонија е единствената држава на Балканот која својата независност ја стекна без војна, по одржувањето на референдумот во 1991 година. Сепак цената на независноста се манифестираше во внатрешни и надворешни реперкусии – на надворешен план независноста на Македонија отвори нови прашања за признавање на државата, знамето, нацијата, додека на внатрешен план албанската етничка заедница го бојкотираше референдумот за независност што ја доведе до прашање легитимноста на уставот од 1991 година.

Незадоволството од страна на етничките Албанци, се манифестираше со протести во 1995 и 1997 година, при што на самиот почеток на новиот милениум во Република Северна Македонија се случи конфликтот во 2001 година којшто го измени текот на државата.  Според Биебер (2008), пред Охридскиот договор, Албанците биле вклучени со само седум проценти од јавната администрација. Исто така, поголемиот дел од другите малцинства, посебно Турците и Ромите, не биле недоволно застапени во овој сектор.[3] Вооружениот конфликт којшто траеше речиси цела 2001 година, резултираше со потпишување на Охридскиот рамковен договор. Покрај главната точка – прекинување на непријателството, во останатите точки јасно беше наведено унапредувањето на правата на етничките заедници во однос на јазикот, воведување на систем на двојно мнозинство, правична застапеност во јавната администрација на национално и локално ниво, децентрализација и формирање на мултиетничка полиција.[4] Според анализата на Клековски (2011), поголемиот дел етнички Македонци, Турци, Роми и Бошњаци не перципирале подредена положба пред 2001 година, додека поголемиот дел етнички Албанци, Срби и Власи имале перцепција на подредена положба пред 2001. Во однос на ставовите за вооружениот конфликт, поголемиот дел граѓани од друга етничка припадност 37% сметале дека правата може да се постигнат по мирен пат, додека поголемиот дел од припадниците на ромската, бошњачката, српската, влашката и турската заедница сметале дека е потребно меѓусебно простување за сторените работи во минатото.[5]

Во истото истражување, кое е спроведено во 2011 година се забележува дека недовербата и предрасудите на етничките заедници се значително високи. Околу 42% сметале дека постојат предрасуди за етничките Албанци, 24 % за Ромите и 14% за етничките Македонци. Во однос на довербата,  највисока недоверба постои кон етничките Албанци (33 %), а потоа кон Ромите (22%) – додека најниска недоверба постои кај Турците 3%, потоа следат Бошњаците % и Власите со 1%. Речиси две децении по потпишувањето на Рамковниот договор, постојат незадоволни и задоволни страни, постојат различни ставови, во однос на тоа која заедница најмногу изгуби со овој договор, а која најмногу доби, а тоа директно влијае и врз довербата помеѓу различните етнички заедници. Доколку се анализира правичната застапеност во државата од денешен аспект, процентуалната застапеност на Албанците изнесува  20,4%, додека пак 2,07% Турци, 1,21% Роми, 0,93% Срби, 0,64% други[6].

Доколку се спореди со бројот на население од бројките од Пописот во 2002 година, најголемо зголемување во процентуалната застапеност има кај албанската заедница. Процентуалната застапеност во јавниот сектор, дава одредени индикации за понатамошни истражувања, дали

[3] Флориан Биебер (2008). Поделба на власта и спроведување на охридскиот рамковен договор
[4] Ibid
[5] Сашо Клековски (2011), МЦМС: Меѓуетничките односи во Македонија достапно на https://mcms.mk/images/docs/2011/megjuetnickite-odnosi-vo-makedonija.pdf
[6] Министерство за информатичко општество и администрација (2020). Годишен извештај од регистарот на вработените во јавниот сектор 2019.

Охридскиот рамковен договор, го промени текот на државата во насока на бинационална држава или мултиетничка држава. Според Котевска и Новаковска (2018), „воведените механизми за поделба на моќта претежно се резервирани само за две од многуте етнички групи при што на тој начин се наметнува создавањето на бинационална држава“[7]. Од тој аспект се наметна и еден друг наратив во јавноста – дефинирањето на поголеми етнички заедници (Македонци, Албанци) и помали заедници (сите останати) кои на еден начин го потврдуваат бинационалниот карактер на државата.

Обидот да се надмине бинационалниот карактер на организација на општество, резултираше во развивање на национална концепција за Едно општество - стратегија која требаше да го наметне граѓанскиот концепт за државата, да оствари признавање на различности, гарантирање и обезбедување еднаквост, социјална правда, вклученост и учество на граѓаните во одлучување и постигнување на општествена кохезија[8]. Основниот концепт на кој се заснова стратегијата за едно општество е интеркултурализмот, кои требаа да гарантираат интеракција, дијалог и социјална кохезија – сличен концепт кој наликува создавањето и промовирањето на ЕУ идентитет, наспроти националниот идентитет.

Надворешните отворени прашања на земјата и останатите паралелни процеси, на одреден начин го ставија во сенка имплементирањето на овој документ. Се поставува прашањето каков е ефектот од креирањето на документот врз меѓуетничките односи во земјата - дали документот е во насока на надминување на перцепцијата на бинационална држава и премин во вистинско мултиетничко општество кое треба да се утврди со подетална евалуација на документот но и со евалуација на практичното спроведување на истата. Меѓутоа, покрај потпишување и донесување на документи кои се во насока на зголемувањето на остварување на правата од страна на малцинствата, сепак постоеле незадоволни и задоволни страни[9] од овие документи во однос на тоа кој најмногу доби, а кој најмногу изгуби од ваквите донесени документи и тоа веројатно влијае врз степенот на доверба помеѓу етничките заедници.

Во однос на довербата и стереотипите помеѓу различните заедници, 24% од етничките Македонци чувствуваат страв од немнозинските заедници поради нивната политика да се смени македонскиот карактер на државата, 13% од етнички Македонци стравуваат од високата стапка на раѓање кај немнозинските заедници. Од друга страна, немнозинските заедници сметаат дека повеќето етничките Македонци се дискриминатори 13%, а дури 37% од Албанците го имаат овој став.[10] Ваквите стереотипи и стравови се рефлектираат врз целокупниот развој на државата, а како што беше претходно наведено, меѓуетничките конфликти неретко го одредуваат државниот тек и поради тоа се истакнува потребата од вложување напор за постигнување на социјална кохезија.

[7] Билјана Котевска и Кумјана Новакова (2018), Ефективно политичко учество на помалите етнички заедници во локалната самоуправа во Република Македонија достапна на http://studiorum.org.mk/evrodijalog/15/pdf/EVRODIJALOG_Br_15_Kotevska_Novakova_MAK.pdf
[8] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_ednoopshtestvo_29.10.2019.pdf
[9] Институт за демократија „Социетас Цивилис“. https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2009/10/upload_news_Prezentacija_OFA.pdf
[10] Клековски С. (2011). Меѓуетничките односи во Македонија.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето за меѓусебната доверба помеѓу етничките заедници се реализираше преку он-лајн анкета од 24 Ноември до 10 Декември, користејќи ја платформата Survey Monkey која беше споделена на социјалните мрежи на Институтот – Ромалитико и граѓанската иницијатива „АВАЈА“ коишто заедно имаат над 10.000 следбеници. Анкетата беше споделувана и во други групи во коишто се дел и припадници на останатите етнички заедници, а процесот на прибирање на податоци траеше две недели од првото објавување на анкетата. Одговарањето на онлајн анкетата, во просек траеше околу 5 минути.

**Опис на прашалник**

Анкетниот прашалник се состои од 20 прашања, меѓу кои првите 7 се демографски, односно поврзани со пол, општина на живеење, етничка и религиска припадност, образовен степен и работен статус. Останатите 13 прашања беа поврзани со испитување на довербата кон различни етнички заедници, односи и ставови за различни етнички заедници, со осврт кон релациите со другите заедници во секојдневни ситуации, како на пример, работење, живеење до соседи од различни заедници, стапување во брак итн.

**Опис на примерок**

Користен е пригоден намерен примерок, при што се водеше грижа да има испитаници од различни групи, така што во продолжение од трудот следуваат графици во однос на дистрибуцијата на испитаниците во проценти според пол и возраст (График 1), етничка и религиска припадност (График 2), работен статус и образовен степен (График 3) и Општина на живеење.

Од спроведената анкета, добиени се одговори од 635 испитаници од кои 275 (43%) се жени и 360 машки (57%) . Според дистрибуција на испитаниците, вкупно 1% се женски, а 2% машки до 18 години, 14% женски , 17% машки од 18 до 29 години, 12% женски, 19% машки од 30 до 44 години, 16% женски, 19% машки кои се над 45 годишна возраст.

*График 1. Процент  на испитаници според пол и возраст*



Мнозинство од испитаниците се од Македонска етничка заедница и православна религиска припадност – 54%, потоа следуваат припадниците на Албанската етничка заедница кои се припадници на исламската верска заедница – 9% и 14% од испитаниците се Роми и припадници на исламската заедница.

*Табела 1: Процент на испитаници според етничка и религиска припадност*

| | Православна | Исламска | Католичка | Атеист | Ниту една религија | Друга религија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонска** | 54.0% | 0.5% | 0.3% | 4.6% | 4.3% | 0.8% |
| **Албанска** | 0.0% | 8.6% | 0.0% | 0.2% | 0.3% | 0.0% |
| **Турска** | 0.0% | 2.2% | 0.0% | 0.2% | 0.0% | 0.0% |
| **Ромска** | 0.2% | 13.6% | 0.0% | 0.0% | 1.1% | 0.0% |
| **Српска** | 1.9% | 0.0% | 0.0% | 0.2% | 0.0% | 0.0% |
| **Бошњачка** | 0.0% | 4.6% | 0.0% | 0.0% | 0.2% | 0.0% |
| **Влашка** | 0.3% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% |
| **Друго** | 0.8% | 0.5% | 0.2% | 0.3% | 0.2% | 0.2% |
| **Вкупно** | 57.2% | 30.0% | 0.5% | 5.4% | 6.0% | 1.0% |

Дистрибуцијата според работен статус и образовен степен е следната: 28% од испитаниците се со завршено високо образование и вработени на неопределено време (со решение), 19% од испитаниците се со завршено средно образование и невработени, 15% од испитаниците се со завршено средно образование и вработени на неопределено време, 11% се со завршено високо образование и невработени и останатите комбинации помеѓу завршен степен на образование и работен статус се под 10%.

*График 2. Процент на испитаници според работен статус и образовен степен*



Според образовната структура, може да се забележи дека највисок процент на испитаниците се припадници на македонската етничка заедница, кои притоа, имаат завршено високо образование и средно образование. Од останатите заедници, најбројни се Албанците со завршено високо образование и Ромите со завршено високо и средно образование.

*График 3. Степен на образование според етничка припадност*




Во однос на географската распределба, највисок процент од испитаниците се жители на следниве општини: Град Скопје (40%); Битола (6%); Прилеп (6%); Куманово (5%); Тетово, Гостивар и Велес (4%).

## Начин на обработка на податоци

Генерално податоците се претставени во дескриптивни вредности, односно проценти (%) и аритметичка средина (М). За проверка на статистичка значајност на разликите користен е t**-тест за независни групи** (Табела 2 – Разлики според пол) **и еднонасочна АНОВА** (Табела 3,4,5 – разлики според работен статус, образовен степен и религиска припадност).

## Начин на презентација на податоци

Податоците од првиот и вториот дел се презентирани во аритметички средини и проценти.

*Табела 2. Легенда (начин на претставување на резултатите од третиот дел од анализата)*

| M | **Аритметичка средина** |
|---|---|
| SD | Стандардно отстапување |
| T / Anova | Т-тест / Анова |
| Sig. | Степен на значајност |

# РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

## 1. Анализа на податоци на основа на целиот примерок

Во продолжение од анализата следува приказ на дистрибуцијата на одговорите на испитаниците сумарно, односно заеднички за сите испитаници. Ќе бидат претставени сите прашања од анкетата, како и одговорите од страна на испитаниците. Сите бројки се презентирани во проценти со исклучок на График 4 во којшто бројките се изразени како аритметичка средина. Низ резултатите кои следуваат можат да се забележат следниве трендови:

1.**Етничките Македонци воглавно се најмногу прифатени од општеството**, речиси секогаш се фаворизирани и од самите себеси, но и од останатите заедници. Ова би можело да се должи на два клучни фактори, првиот фактор е дека етничките Македонци се мнозинство во државата и веројатноста е поголема дека кај испитаниците владее ставот, што се покажува низ резултатите, дека условно кажано „најголемо право" имаат токму етничките Македонци. Втор важен фактор е тоа што мнозинство од вкупниот број на испитаници се етничките Македонци.

2.Втор значаен тренд којшто следува е трендот на дискриминирање, **односно покажување на недоверба и неприфаќање кон етничките Роми.** На крајот од прашањата се покажува дека се перцепирани и како најдискриминирани во државата, меѓутоа сепак и покрај тоа што ова го признаваат сите испитаници, дури и во рамки на истражувањето во континуитет доминира трендот на искажување на недоверба кон Ромите. Во рамки на овој тренд, како втора најмалку прифатена заедница е албанската, кон која исто така се искажува недоверба.

3.Етничките Роми покрај тоа што се најдискриминирани и перцепирани како **најмалку „прифатени и доверливи" од испитаниците**, исто така и **етничките Роми покажуваат недоверба кон останатите заедници и себе изолирање.**

*График 4:* Колкава доверба имате во следниве етнички заедници (изразено во аритметичка средина)?



Податоците од График 4 укажуваат дека највисока доверба испитаниците имаат во Македонците (M=3,3), Турците (M=3,1), еднаква доверба имаат во Србите (M=2,8) и Бошњаците (M=2,8), додека најмала доверба имаат во Власите (M=2,7) и во Ромите (M=2,5). Ниско стандардно отстапување (SD=1,2) има во однос на одговорите за Македонците, Албанците и Бошњаците, а SD=1,3 изнесува стандардното отстапување во одговорите за Турците, Ромите, Власите и Србите.

Резултатите од овој график се појдовна точка на она што следува во истражувањето, при што се потврдува дека највисока доверба уживаат Македонците и Турците, додека најмалку доверба уживаат Ромите.

*График 5: Дали би сакале да имате сосед/ка од следниве етнички заедници?*




На прашањето „Дали би сакале да имате сосед/ка од следниве етнички заедници", највисок процент, односно најпосакувани соседи се Македонците со 93%, понатаму, како најпосакувани соседи се Турците 84%, Србите 81%, Власите 74%, а најмалку посакувани соседи се Албанците со 68% и Ромите со 60% од потврдните одговори на прашањето. Најголем дел од испитаниците т.е. околу 40% не сакаат да имаат соседи Роми, додека 31% од испитаниците не сакаат да имаат соседи Албанци.

*График 6: Колкава доверба имате во Македонците и Дали имате сосед Македонец/ка?*




*График 7: Колкава доверба имате во Ромите и Дали имате сосед Ром/ка?*



Податоците од График 6 и 7, покажуваат дека во Македонците воглавно имаат поголема доверба оние испитаници коишто имаат соседи од оваа етничка заедница, додека пак, кај Ромите, може да се забележи дека највисока недоверба има кај испитаниците кои немаат соседи од ромска етничка заедница.

Она што може да се заклучи е дека контактот со одредена заедница, а како што е во графиконите 6 и 7, имањето на сосед од друга етничка заедница би можело да значи и поголема доверба кон таа заедница, бидејќи испитаниците кои немаат соседи од различна заедница, немаат ниту голем контакт со одредената заедница и следствено на тоа имаат и ниска изразена доверба кон таа заедница.

Така што, контактот и живеењето со различни заедници во едно исто соседство може да значи и поголема доверба и соработка помеѓу заедниците.

*График 8: Дали имате пријател/ка од следниве етнички заедници?*




Според податоците од График 6, повторно може да се забележи дека испитаниците најчесто имаат пријатели Македонци 99%, Албанци 80%, Турци 78%, Срби 74%, а најниски процент на потврдни одговори има за Власи 57%, Бошњаци 59% и Роми 69%.

Првите четири заедници од кои испитаниците имаат пријатели се и првите четири заедници според бројот на жители во Република Северна Македонија, односно според пописот од 2002 година редоследот на најбројните четири заедници според бројот на жители е следниов: Македонци, Албанци, Турци и Роми. Така што, поголемата можност за контакт со овие заедници, резултираа со тоа одговорите на испитаниците да бидат во корелација, единствен исклучок е бројот на одговори наменети за пријатели Срби, за кои високи 74% од испитаниците одговорија дека имаат пријатели од оваа заедница.

*График 9: Дали би сакале близок пријател/ка од следниве етнички заедници?*




На прашањето „Дали би сакале близок пријател/ка од следниве етнички заедници?", 94% од испитаниците одговориле „Да" за Македонец/ка, по 83% за Турчин/ка и Србин/ка, 76% за Бошњак/иња, 75% за Албанец/ка и 72% за Влав/инка, додека пак Ромите се најмалку посакувани блиски пријатели со 69% одговори „Да", но и највисок процент на одговор „Не" во споредба со останатите заедници, односно 31% од испитаниците не би сакале да имаат близок пријател Ром.

Според овој график, продолжува трендот на највисоко прифаќање и посакување на близок пријател/ка од македонска и турска заедница, а српската заедница исто така е високо посакувана заедница за блиско пријателство. Воглавно процентите од претходниот график на којшто се поставува прашањето „Дали имате пријател/ка од следниве етнички заедници?" се слични со графиконот од прашањето „Дали би сакале да имате близок пријател од следниве заедници?". Генерално само може да се заклучи дека има повисоки проценти во однос на Власите, Србите и Бошњаците коишто добија повисок процент од испитаниците, односно испитаниците имаат помалку пријатели од овие заедници, меѓутоа според овој график може да се забележи дека испитаниците немаат ништо против пријателство, напротив би сакале да имаат блиски пријатели од овие заедници коишто се помалку застапени во државата.

Исто така, продолжува и трендот на „отфрлањето" на Ромите, при што најмал процент од испитаниците би сакале да имаат блиски пријатели Роми.

Највисок процент на потврдни „Да" одговори на прашањето „Дали би стапиле во брак со припадници на следниве етнички заедници?" има за Македонци и тоа 76%, потоа следуваат Србите 59%, Турците со 44%, Власите 40%, а најнизок процент на потврдни одговори повторно имаат Албанците 37% и Ромите 32%. Исто така, најмногу негативни „Не" одговори имаат Албанците 63% и Ромите 68%.

*График 10:* Дали би стапиле во брак со припадници на следниве етнички заедници?




Податоците покажуваат дека воглавно оние што имаат доверба која се движи од 3 до 5, би стапиле во брак со Македонец/ка, додека пак, кај Ромите повторно се покажува дека оние испитаници кои немаат воопшто доверба  или имаат малку доверба кон Ромите, не би стапиле во брак со припадници на оваа заедница.

Довербата се покажува како клучна во досегашниот дел од истражувањето во однос на прифаќање на соседи од други заедници и во стапувањето во брак со други заедници. Овие два графикони го потврдуваат трендот според којшто Македонците се најприфатени, а Ромите се најмалку прифатени од општеството, односно од граѓаните кои живеат на територија на Република Северна Македонија.

*График 11: Колкава доверба имате во Македонците и дали би стапиле во брак со Македонец/ка?*




*График 12: Колкава доверба имате во Ромите и дали би стапиле во брак со Ром/ка?*



*График 13: Дали би работеле со следниве етнички заедници?*




Прашањето кое има за цел да ги испита преференциите за работа со други заедници резултираше повторно со одговорот дека Македонците се најпосакувани соработници и тоа дури 97% од одговорите беа потврдни „Да". После Македонците, најпосакувани соработници се Турците 92%, Србите  91%, а потоа следуваат Бошњаците со 87%, Албанците и Власите со 86%, а Ромите се најмалку посакувани соработници со 80% потврдни одговори и најмногу негативни „Не" одговори, односно 20% од испитаниците не би посакувале да работат со Роми.

*График 14: Дали сметате дека некоја од следниве етнички заедници треба да се исклучи?*




Генерално, на прашањето „Дали сметате дека некоја од следниве  етнички заедници треба да се исклучи?" одговорите се негативни, односно доминира опцијата „Не". Од друга страна, опцијата „Да" е највисока за Албанците 19%, Ромите 14% и Власите 11%, додека за останатите заедници има 10% или помал процент.

*График 15: Дали сметате дека треба да се исклучат Албанци од државата и  дали би работеле со Албанци*




*График 16: Дали сметате дека треба да се исклучат Ромите од државата и  дали би работеле со Роми?*




Продолжува трендот според којшто Ромите и Албанците се најмалку прифатени во општеството од другите заедници, со споредбата на графиците 15 и 16, целта е да се испита дали испитаниците кои сметаат дека треба или не треба да се исклучат овие заедници од државата, би работеле или не би работеле со припадници од овие заедници.

Во однос на  одговорот „Не треба да се исклучат", за Албанците може да се забележи дека 77% од оние кои сметаат дека не треба да се исклучат Албанците од државата, би работеле заедно со нив, а 4% сепак не би работеле со Албанците иако го делат ставот дека не треба да се исклучи оваа заедница. Кај Ромите, процентот на оние кои не би сакале да се исклучи оваа заедница од државата, а сепак кои не би работеле со нив изнесува 10%.

Слични разлики има и во опцијата „Треба да се исклучи". Според ова може да се заклучи дека покрај тоа што овие две заедници добија највисок процент на одговори за исклучување од државата, сепак процентот на оние испитаници кои би ги исклучиле  Албанците, а сепак во исто време одговориле дека би работеле со нив е повисок, што од друга страна значи дека сепак помалку посакувани соработници се Ромите.

*График 17: Кога би биле работодавач - дали би вработиле припадници на следните етнички заедници?*



На прашањето поврзано со работата, односно кога испитаниците би биле работодавачи дали би вработиле припадници на наведените етнички заедници, највисок процент на потврдни одговори „Да" има за Македонци, 91% за Турци, 90% за Срби, 86% за Бошњаци, 85% за Власи, 83% за Албанци и 80% за Роми. Највисок процент на „Не" одговори има за Роми – 20%.

*График 18: Колкава доверба имате во Македонци и кога би биле работодавач, дали би вработиле Македонец/ка?*




*График 19: Колкава доверба имате во Роми и кога би биле работодавач, дали би вработиле Македонец/ка?*




Во однос на Македонците, може да се забележи дека со пораст на довербата кон нив, расте и процентот на испитаници кои би ги вработиле кога би биле работодавачи. Додека, пак кај Ромите, има неспецифична дистрибуција на одговорите, поради тоа што може да се забележи дека оние кои воопшто немаат доверба во Ромите, тоа не влијае на нивната одлука за вработување на Ром/ка кога би биле работодавачи, меѓутоа потоа со раст на довербата кон ромската заедница, расте и процентот на испитаници кои би вработиле Роми кога би биле работодавачи.

*График 20: Според вас, која од долунаведените заедници е дискриминирана во нашата држава во изминатите 2 години*



Согласно и на претходните одговори на испитаниците, перцепцијата на испитаниците за тоа која заедница е најдискриминирана во државата во изминатите 2 години е дека Ромите се најдискриминирани, односно оваа заедница беше селектирана од 45% од испитаниците, а потоа следува македонската етничка заедница со 32%, а останатите заедници имаат помал процент на одговори.

*График 21: Колкава доверба имате во Ромите и која заедница сметате дека е најдискриминарана во последниве 2 години?*




Графиконот ја прикажува дистрибуцијата на одговорите на оние коишто сметаат дека ромската заедница е најдискриминарана во последниве 2 години во државата. Може да се види дека 38% од оние коишто сметаат дека Ромите се најдискриминирани, самите тие немаат воопшто или имаат малку доверба во Ромите. 35% од оние кои ја сметаат ромската заедница за најдискриминарана имаат доверба или имаат многу доверба во Ромите, а останатите испитаници немаат одреден став околу довербата кон Ромите.

Загрижувачки е податокот што дури 38% од испитаниците сметаат дека Ромите се најдискриминирани, меѓутоа и самите тие немаат доверба во Ромите или имаат минимална доверба.

*График 22: Ромите се најдискриминирани - дали би сакале сосед Ром/ка?*




*График 23: Ромите се најдискриминирани - Дали имате пријател Ром/ка?*



*График 24: Ромите се најдискриминирани - Дали би стапиле во брак со Ром/ка?*




*График 25: Ромите се најдискриминирани – Дали би работеле заедно со Ром/ка?*




Спроведена е анализа на оние испитаници коишто сметаат дека Ромите се најдискриминирани во државата последниве 2 години и според податоците може да се увиди дека 23% од оние кои го имаат овој став, истовремено и не би сакале да имаат соседи Роми, 21% од нив не би сакале да имаат пријатели Роми, високи 50% не би сакале да стапат во брак со Ром/ка, а 8% не би сакале да работаат заедно со Роми.

Овие податоци покажуваат на потврда на трендот на т.н. отфрлање или неприфаќање на ромската заедница, бидејќи дури и дел од оние коишто сметаат дека оваа заедница е дискриминирана, сепак самите тие не би сакале да имаат пријатели, брачен партнер или пак да работат заедно со Роми.

*График 26: Според вас, која од долунаведените заедници е најпривилегирана во нашата држава во изминатите 2 години?*




Спротивно на претходното, во График 26 се поставува прашањето која од заедниците е најпривилегирана во државата изминатите 2 години? Дистрибуцијата на одговорите е следна: 70% од испитаниците сметаат дека Албанците се најпривилегирани, 19% од испитаниците сметаат дека Македонците се најпривилегирани, а останатите имаат помалку од 10%.

## Заклучоци:

**1.Најприфатлива заедница за соседи, пријатели, брачни партнери, соработници, вработени итн. се припадниците на мнозинската заедница, односно припадниците на македонската етничка заедница.**

Согласно на тоа што македонската етничка заедница е мнозинска заедница, очекувани се резултатите кои упатуваат на тоа дека генерално заедниците би сакале да соработуваат или да имаат релации со оваа заедница, а дополнително е важно да се истакне тоа што со оглед на тоа дека станува збор за прв дел од анализата, мнозинството на испитаници исто така се припадници на македонската етничка заедница.

**2.Втора најприфатена заедница според прегледот на вкупните одговори на испитаници се припадниците на турската етничка заедница.**

Овој податок навидум се чини како нов, меѓутоа е во согласност со претходни анализи кои се спроведени на територија на Република Северна Македонија, конкретно со претходна публикација во којашто е добиен резултат дека најниска недоверба покрај етничките Македонци има во припадниците на турската етничка заедница[11]

**3.Најмалку прифатена и најдискриминирана заедница е ромската, а потоа следува албанската заедница**

Воглавно најниска доверба според прегледот на резултатите во првиот дел имаат етничките Роми, а потоа следуваат етничките Албанци. Карактеристично е покрај тоа што припадниците на ромската заедница се втори според бројот на испитаници во оваа анализа, сепак оваа заедница е од страна на вкупниот број на испитаниците е доживувана како „најмалку доверлива" и воглавно добива највисок процент на негативни „Не" одговори од страна на испитаниците. Ваквиот тренд не е зачудувачки со оглед на тоа што токму ромската етничка заедница се смета за најдискриминирана во државата, а тоа го потврдија и одговорите на сите испитаници, меѓутоа и во претходни анализи на оваа тема. Како на пример, во едно истражување во коешто таргет беа децата се покажало дека сите деца освен Ромите ја гледаат својата етничка група низ позитивно светло, само Ромите се цел на најинтензивно негативно стереотипизирање и социјално дистанцирање од страна на другите деца[12].

Покрај Ромите, најниска доверба уживаат припадниците на албанската етничка заедница, коишто се јавуваат како втора заедница со најнизок процент на доверба, но и најчеста заедница која добива одговор „Не" на прашања кои се поврзани со тоа дали испитаниците би ги прифатиле како соседи, брачни партнери, соработници, вработени итн. Меѓутоа, разликата помеѓу Ромите и Албанците е тоа што, Ромите добија највисок процент на одговори дека се најдискриминирани, за разлика од Албанците кои според испитаниците се најпривилегирани во Република Северна Македонија, по што би можело да се дојде до заклучок дека поради различни причини се условно кажано „помалку доверливи" овие две заедници за испитаниците.

[11] Клековски, С. (2011). Меѓуетничките односи во Македонија. https://mcms.mk/images/docs/2011/megjuetnickite-odnosi-vo-makedonija.pdf
[12] Бешка, В.Б., Најчевска, М и сор. (2009). Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието, УНИЦЕФ, Скопје. https://www.unicef.org/northmacedonia/media/1826/file

## 2. Анализа на податоци според етничките карактеристики

Во продолжение од анализата следува преглед на одговорите на испитаниците издвоено, според нивната етничка заедница.

*График 27: Колкава доверба имаат Македонците во останатите заедници?*




*График 28: Колкава доверба имаат Албанците во останатите заедници?*




*График 29: Колкава доверба имаат Турците во останатите заедници?*




*График 30: Колкава доверба имаат Ромите во останатите заедници?*




*График 31: Колкава доверба имаат Власите во останатите заедници?*

r




*График 32: Колкава доверба имаат Бошњаците во останатите заедници*



Според добиените податоци, во однос на довербата на заедниците во својата заедница, може да се забележи дека највисока доверба во себе имаат Турците (4,1), а потоа следуваат Власите (4,0), Албанците (3,7), Македонците (3,5), најнизок степен на доверба во своите заедници имаат Ромите (3,2) и Бошњаците (3,2).

Во просек највисока доверба (Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби и Бошњаци) уживаат Турците (3,31), а втора најдоверлива заедница е македонската етничка заедница. Најнизок процент на доверба од горенаведените заедници уживаат Ромите (2,53).

Според горенаведените две сознанија, може да се забележи трендот дека Ромите уживаат најнизок степен на доверба од страна на останатите заедници, но и дека самите Роми воглавно покажуваат низок степен на доверба кон останатите заедници, а дури и кон својата.

*Табела 3: Дали би сакале да имате сосед од следните етничките заедници?*

| | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Власи | | Срби | | Бошњаци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| **Македонци** | 94% | 6% | 60% | 40% | 81% | 19% | 49% | 51% | 74% | 26% | 87% | 13% | 69% | 31% |
| **Албанци** | 88% | 12% | 95% | 5% | 81% | 19% | 63% | 27% | 80% | 20% | 56% | 44% | 80% | 20% |
| **Турци** | 100% | 0% | 93% | 7% | 100 % | 0% | 87% | 13% | 67% | 33% | 73% | 27% | 87% | 13% |
| **Роми** | 90% | 10% | 79% | 21% | 93% | 7% | 89% | 11% | 71% | 29% | 74% | 26% | 82% | 18% |
| **Власи** | 50% | 50% | 50% | 50% | 100 % | | 50% | 50% | 100 % | | 100 % | 0% | 50% | 50% |
| **Бошњаци** | 98% | 2% | 81% | 19% | 98% | 2% | 80% | 20% | 79% | 21% | 70% | 30% | 88% | 12% |
| **Други** | 100% | | 69% | 31% | 77% | 23% | 77% | 23% | 31% | 69% | 85% | 15% | 69% | 31% |

Во однос на соседството како важен елемент од секојдневието на граѓаните, добиени се податоци кои укажуваат дека Македонците воглавно се посакувани соседи од страна на речиси сите заедници, бидејќи мнозинство од одговорите се потврдни „Да" односно висок процент од испитаниците би сакале да имаат соседи етнички Македонци.

Понатаму, може да се следи дека постои тренд според којшто Македонците почесто ги фаворизираат етничките Срби како соседи во споредба со останатите заедници, што би можело да се должи на тоа што мнозинството на испитаници од двете заедници припаѓаат на православната религија, но тоа дополнително ќе се истражи во продолжение од анализата.

Исто така постои трендот според којшто етничките Македонци даваат негативни одговори во однос на етничките Албанци и спротивно, при што конкретно за ова прашање 40% од етничките Македонци не би сакале да имаат соседи Албанци.

Продолжува трендот на т.н. отфрлање на ромската заедница, којашто е заедница којашто има добиено највисок процент на негативни одговори. Сепак може да се забележи и одредено взаемно прифаќање помеѓу турската, бошњачката, ромската, а во одредени делови и на албанската заедница, како мнозинство припадници на исламската етничка заедница, но тоа, исто така ќе се провери во продолжение.

*Табела 4: Дали би сакале да имате близок пријател/ка*

| | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Власи** | | **Срби** | | **Бошњаци** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| **Македонци** | 97% | 3% | 69% | 31% | 79% | 21% | 62% | 38% | 72% | 28% | 87% | 13% | 73% | 27% |
| **Албанци** | 90% | 10% | 98% | 2% | 90% | 10% | 69% | 31% | 71% | 29% | 63% | 37% | 86% | 14% |
| **Турци** | 100% | | 87% | 13% | 100% | | 87% | 13% | 87% | 13% | 87% | 13% | 93% | 7% |
| **Роми** | 88% | 12% | 81% | 19% | 89% | 11% | 95% | 5% | 69% | 31% | 76% | 24% | 75% | 25% |
| **Власи** | 100% | | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% | 50% | 100% | | 100% | | 50% | 50% |
| **Бошњаци** | 98% | 2% | 86% | 14% | 95% | 5% | 79% | 21% | 77% | 23% | 81% | 19% | 95% | 5% |
| **Други** | 100% | | 69% | 31% | 85% | 15% | 85% | 15% | 69% | 31% | 85% | 15% | 69% | 31% |

Позитивен наод од ова прашање е тоа што воглавно процентот на испитаниците кои би сакале да имаат блиски пријатели од други заедници е повисок од процентот којшто се однесува на тоа дали во моментот имаат пријатели од другите заедници.

Продолжуваат и на ова прашање двата тренда, а тоа е дека Македонците се најмногу прифатени, односно во случајот најпосакувани блиски пријатели, а Ромите се најмалку посакувани блиски пријатели од страна на другите заедници.

*Табела 5: Дали би стапиле во брак со ... ?*

| | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Власи** | | **Срби** | | **Бошњаци** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| **Македонци** | 97% | 3% | 27% | 73% | 33% | 67% | 21% | 79% | 49% | 51% | 73% | 27% | 33% | 67% |
| **Албанци** | 35% | 65% | 96% | 4% | 67% | 33% | 22% | 78% | 23% | 77% | 25% | 75% | 56% | 44% |
| **Турци** | 36% | 64% | 53% | 47% | 100% | | 31% | 69% | 31% | 69% | 31% | 69% | 64% | 36% |
| **Роми** | 36% | 64% | 47% | 53% | 62% | 38% | 93% | 7% | 22% | 78% | 33% | 67% | 39% | 61% |
| **Власи** | 100% | | 100% | | 100% | | | 100% | 100% | | 100% | | | 100% |
| **Бошњаци** | 38% | 62% | 32% | 68% | 53% | 47% | 11% | 89% | 18% | 82% | 37% | 67% | 83% | 17% |
| **Други** | 58% | 42% | 42% | 58% | 50% | 50% | 33% | 67% | 33% | 67% | 50% | 50% | 33% | 67% |

Според добиените одговори, трендот на позитивни одговори насочени кон етничките Македонци е помалку изразен, бидејќи воглавно на прашањето „Дали би стапиле во брак со Македонец/ка?", мнозинството на одговори се „Не", особено истакнати се негативни одговорите од заедниците кои се од исламска етничка припадност, што дополнително ќе се испита во продолжение. Мнозинство „Не" одговори се од Албанците, Турците, Ромите и Бошњаците од коишто над 60% дадоа негативен одговор.

Процентот на одговори „Да" на истото прашање, меѓутоа насочено кон Албанците, воглавно се намалува процентот на негативни одговори од заедниците кои припаѓаат на истата религија како и Албанците, односно тоа би значело дека испитаниците Роми, Бошњаци и Турци поприфатливи за брачни партнери ги гледаат Албанците од Македонците.

Од друга страна, 73% од Македонците дадоа негативен одговор, а тоа би можело да се истакне дека е во насока на трендот на меѓусебно отфрлање на Албанците и Македонците.

Продолжува и трендот на т.н. отфрлање на ромската заедница, којашто и на ова прашање добила највисок процент на негативни одговори на прашањето „Дали би стапиле во брак со Ром/ка?". Иако, Ромите се од иста религиска припадност како и Албанците, Турците и Бошњаците, сепак процентот на прифаќање на брачен партнер од ромска заедница е понизок, односно сличен е со процентот на прифаќање на брачен партнер од македонската етничка заедница.

*Табела 6: Дали би работеле заедно со ... ?*

| | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Власи | | Срби | | Бошњаци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| **Македонци** | 98% | 2% | 82% | 18% | 90% | 10% | 76% | 24% | 86% | 14% | 94% | 6% | 85% | 15% |
| **Албанци** | 98% | 2% | 98% | 2% | 97% | 3% | 86% | 14% | 86% | 14% | 78% | 22% | 93% | 7% |
| **Турци** | 100% | | 100% | 6% | 100% | 0% | 87% | 13% | 93% | 7% | 93% | 7% | 100% | |
| **Роми** | 94% | 6% | 94% | 6% | 97% | 3% | 93% | 7% | 83% | 17% | 87% | 13% | 89% | 11% |
| **Власи** | 100% | | 50% | 50% | 100% | | 50% | 50% | 100% | | 100% | | 50% | 50% |
| **Бошњаци** | 100% | | 91% | 9% | 93% | 7% | 81% | 19% | 88% | 12% | 88% | 12% | 95% | 5% |
| **Други** | 100% | | 77% | 23% | 85% | 15% | 85% | 15% | 77% | 23% | 85% | 15% | 77% | 23% |

Продолжува трендот на избирање на македонската етничка заедница како најприфатлива заедница и на прашањето кое се однесува на потенцијално заедничко работење, при што мнозинството од испитаниците би работеле заедно со етничките Македонци.

Од друга страна, продолжува и трендот на т.н. „отфрлање" на ромската и албанската заедница, иако има прилично висок процент на позитивни одговори, сепак највисок процент на „Не" одговори во однос на работење доаѓа токму од етничките Македонци.

Турците, Албанците и Бошњаците се воглавно по прифатени за соработници од Ромите, што повторно укажува на тоа дека Ромите се генерално најмалку прифатена заедница во државата.

*Табела 7: Дали сметате дека одредена етничка заедница треба да се исклучи?*

| | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Власи | | Срби | | Бошњаци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| **Македонци** | 2% | 98% | 24% | 76% | 10% | 90% | 18% | 82% | 12% | 88% | 5% | 95% | 12% | 88% |
| **Албанци** | 14% | 84% | 8% | 92% | 14% | 86% | 12% | 88% | 14% | 86% | 10% | 90% | 12% | 88% |
| **Турци** | | 100% | | 100% | | 100% | | 100% | | 100% | 13% | 87% | | 100% |
| **Роми** | 6% | 94% | 10% | 90% | 6% | 94% | 2% | 98% | 8% | 92% | 5% | 95% | 6% | 94% |
| **Власи** | 50% | 50% | 50% | 50% | | 100% | 50% | 50% | | 100 | | 100% | | 100% |
| **Бошњаци** | | 100% | 12% | 88% | 2% | 98% | 5% | 95% | 7% | 93% | 5% | 95% | 2% | 98% |
| **Други** | | 100% | 15% | 85% | 15% | 85% | 8% | 92% | 8% | 92% | 8% | 92% | 9% | 92% |

Податоците покажуваат дека воглавно испитаниците не се за исклучување на било која етничка заедница од државата што е добар показател дека е постигнато одредено задоволително ниво на меѓуетничка култура. Процентите варираат според тоа за која заедница станува збор, очекувано е

добиено дека како мнозинско население во државата, етничките Македонци добија највисок процент на одговор „Не" што означува дека испитаниците сметаат дека не треба да се исклучи оваа заедница од државата.

Во однос на другите заедници, процентот се движи помеѓу 70 и 100% за одговор „Не" за Турците, Албанците и Бошњаците, а за Ромите процентот е повторно малку понизок, што значи дека дури и на ова прашање, иако минимално, сепак испитаниците имаат малку поинаков став во однос на Ромите.

*Табела 8: Дали би примиле гости од следните етнички заедници?*

| | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Власи | | Срби | | Бошњаци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| **Македонци** | 99% | 1% | 84% | 16% | 88% | 12% | 77% | 23% | 88% | 12% | 97% | 3% | 85% | 15% |
| **Албанци** | 97% | 3% | 100% | | 97% | 3% | 83% | 17% | 85% | 15% | 75% | 25% | 91% | 9% |
| **Турци** | 100% | | 100% | | 100% | | 100% | | 93% | 7% | 87% | 113% | 93% | 7% |
| **Роми** | 89% | 11% | 91% | 9% | 94% | 6% | 95% | 5% | 79% | 21% | 83% | 17% | 83% | 17% |
| **Власи** | 100% | | 50% | 50% | 100% | | 50% | 50% | 100% | | 100% | | 100% | |
| **Бошњаци** | 100% | | 95% | 5% | 98% | 2% | 88% | 12% | 88% | 12% | 98% | 2% | 98% | 2% |
| **Други** | 100% | | 85% | 15% | 85% | 15% | 92% | 8% | 85% | 15% | 92% | 8% | 100% | |

Според анализата, може да се забележи дека одговорите се приближни односно, приближен процент на испитаници одговориле дека би оделе и би примиле гости Македонци. Воглавно процентот на потврдни „Да" одговори се движат од 97% до 100%, со исклучок на Ромите од коишто 89% би примиле гости Македонци, меѓутоа 87% би оделе на гости кај Македонци.

Повторно, споредбата на двата графици коишто ги презентираат резултатите од одговорите на прашањата „Дали би примиле гости – Албанци?" воглавно се потврдни одговори кои се движат од 84% кај Македонците до максимални 100% кај Турците.

Според податоците, може да се забележи дека одговорите се приближни односно, приближен процент на испитаници одговориле дека би оделе и би примиле гости Македонци. Воглавно процентот на потврдни „Да" одговори се движат од 97% до 100%, со исклучок на Ромите од коишто 89% би примиле гости Македонци, меѓутоа 87% би оделе на гости кај Македонци.

Податоците од укажуваат дека Турците (93%) најмногу би примиле гости Власи, слични се и одговорите кога се однесува за Бошњаците најчесто одговориле „Да" – Власите 100% и Турците 93%.

*Табела 9: Кога би биле работодавач - дали би вработиле лица од следните етничките групи?*

| | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Власи | | Срби | | Бошњаци | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Да | Не |
| **Македонци** | 98% | 2% | 79% | 21% | 89% | 11% | 75% | 25% | 86% | 14% | 95% | 5% | 85% | 15% |
| **Албанци** | 97% | 3% | 98% | 2% | 97% | 3% | 84% | 16% | 86% | 14% | 79% | 21% | 93% | 7% |
| **Турци** | 87% | 13% | 93% | 7% | 100% | | 87% | 13% | 80% | 20% | 80% | 20% | 93% | 7% |
| **Роми** | 90% | 10% | 85% | 15% | 90% | 10% | 96% | 4% | 81% | 19% | 82% | 18% | 85% | 15% |
| **Власи** | 100% | | 50% | 50% | 100% | | 50% | 50% | 100% | | 100% | | 100% | |
| **Бошњаци** | 98% | 2% | 90% | 10% | 95% | 5% | 83% | 17% | 86% | 14% | 90% | 10% | 93% | 7% |
| **Други** | 100% | | 69% | 31% | 85% | 15% | 92% | 8% | 69% | 11% | 77% | 23% | 77% | 23% |

Генерално според резултатите може да се забележи продолжување на трендот според којшто етничките Македонци се воглавно најмногу прифатени од страна на другите заедници, а исто така може да се забележи и трендот на највисоко отфрлање на ромската заедница од страна на другите, поради тоа што највисок процент на „Не" одговори во однос на вработување доколку испитаниците би биле работодавачи има токму ромската заедница.

*График 33: Според вас, која од долунаведените заедници е дискриминирана во нашата држава во изминатите 2 години?*




Генерално, според податоците, Македонците сметаат дека самите тие се најдискриминирани во државата (46%), потоа следуваат Ромите со 34% и останатите се помалку од 15%.

Албанците сметаат дека Ромите се најдискриминирани (53%), а потоа самите тие (36%) и други под 10%. Мнозинство од Ромите сметаат дека самите се најдискриминирани во државата (91%), а за останати заедници одговориле помалку од 2% за секоја опција. Турците сметаат дека се најдискриминирани самите тие – 53%, а Бошњаците мнозинство сметаат дека Ромите се најдискриминирани во државата (40%).

Податоците укажуваат на еден тренд според којшто секоја заедница себеси се смета за дискриминирана, тоа е највпечатливо кај етничките Македонци, кои сметаат дека се дискриминирани, иако според одговорите на испитаниците на претходните прашања може да се забележи благо фаворизирање на етничките Македонци во различните сегменти од живеењето. Меѓутоа, зошто етничките Македонци се чувствуваат дискриминирани е тема на којашто треба да се направат дополнителни анализи.

Специфично е во однос на ромската заедница, којашто речиси сите останати заедници ја бираат како најдискриминирана покрај својата, а сепак, во претходните одговори може да се забележи дека речиси од сите етнички заедници најмногу „Не" одговори добива токму ромската

*График 34: Според вас, која од долунаведените заедници е најпривилегирана во нашата држава во изминатите 2 години?*




Анализата од обработката укажува на тоа дека од припадниците на македонската етничка заедница – 78% сметаат дека Албанците се најпривилегирани во државата, 11% сметаат дека самите Македонци се најпривилегирани, останатите се под 10%. Албанците сметаат дека: Македонците се најпривилегирани (66%), 14% одговорија Албанците, останатите одговори се под 10%.

Турците сметаат дека Албанците се најпривилегирани (53%), Македонците (33%), Турците (13%).

Припадниците на ромската етничка заедница сметаат дека Албанците се најпривилегирани (71%), а потоа следуваат Македонците (24%), а останатите се под 5%. Власите сметаат дека подеднакво се привилегирани Албанците и Македонците. Во однос на овој график, мнозинството од испитаниците ја бираат албанската етничка заедница како најпривилегирана во државата.

## 3. Статистичка анализа на разликите помеѓу испитаниците од различен пол, образование, религиска припадност и работен статус

Во продолжение од анализата следува презентација на табели во коишто се проверуваат статистичките значајни разлики помеѓу испитаниците од различна етничка припадност, пол, образование, религиска припадност и работен статус.

*Табела 10: Статистички разлики според пол*

| Етничка заедница | Прашање | Пол | M | SD | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонска етничка заедница | Дали би сакале Ром за сосед? | Машки | 1,43 | 0,50 | -2,749 | 0,006 |
| | | Женски | 1,57 | 0,50 | | |
| | Дали би стапиле во брак со Ром | Машки | 1,28 | 0,45 | 3,559 | 0,000 |
| | | Женски | 1,13 | 0,33 | | |

| Етничка заедница | Прашање | Пол | M | SD | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ромска етничка заедница | Дали би стапиле во брак со Македонец? | Машки | 1,50 | 0,51 | 3,530 | 0,001 |
| | | Женски | 1,15 | 0,36 | | |
| | Дали би стапиле во брак со Албанец? | Машки | 1,65 | 0,75 | 4,731 | 0,000 |
| | | Женски | 1,18 | 0,39 | | |
| | Дали би стапиле во брак со Турчин | Машки | 1,79 | 0,41 | 4,737 | 0,000 |
| | | Женски | 1,33 | 0,48 | | |
| | Дали би стапиле во брак со Влав? | Машки | 1,30 | 0,46 | 2,307 | 0,024 |
| | | Женски | 1,09 | 0,29 | | |
| | Дали би стапиле во брак со Србин? | Машки | 1,44 | 0,50 | 2,881 | 0,005 |
| | | Женски | 1,15 | 0,36 | | |
| | Дали би стапиле во брак со Бошњак? | Машки | 1,52 | 0,51 | 3,265 | 0,002 |
| | | Женски | 1,18 | 0,39 | | |

| Етничка заедница | Прашање | Пол | M | SD | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ромска етничка заедница | Дали би примиле гости Власи? | Машки | 1,72 | 0,45 | -2,020 | 0,046 |
| | | Женски | 1,89 | 0,32 | | |

Резултатите од анализата покажуваат дека постои статистички значајна разлика помеѓу полот и сите горенаведени варијабли на ниво на 0,05 (95% значајност) или на ниво на 0,01 (99% значајност).Со анализа на обработените податоци, извлечени се и следниве заклучоци:

1. **Жените од македонска етничка повеќе од мажите би сакале да имаат соседи од различна етничка заедница.** Според резултатите, жените повеќе од мажите би сакале да имаат соседи Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби и Бошњаци.

2. **Машките од македонска етничка припадност повеќе од жените се отворени за стапување во брак со припадници на други етнички заедници.** Машките повеќе од жените би сакале да стапат во брак со припадници на: албанска, турска, ромска, влашка, српска и бошњачка заедница.

3. **Женските со македонска етничка припадност повеќе од мажите би работеле со Власи и Бошњаци.**

4. **Машките со македонска етничка заедница повеќе се за ставот да се исклучат Албанците и Власите од државата за разлика од жените, исто така припаднички на македонската етничка заедница.**

5. **Кога би биле работодавачки (припадниците на македонската етничка заедница), жените од мажите би вработиле Албанци, Власи и Бошњаци.**

6. **Мажите со ромска етничка припадност повеќе од жените се отворени за стапување во брак со различни заедници.** Мажите Роми повеќе од жените би стапиле во брак со припадниците на македонска, албанска, турска, влашка, српска, бошњачка етничка припадност.

7. **Жените Ромки повеќе од Мажите би примиле гости Власи**

8. **Машките припадници на бошњачка етничка заедница повеќе од жените би стапиле во брак со припадници на албанска етничка заедница**

*Табела 11: Статистички разлики според работен статус*

| Етничка заедница | Прашање | Работен статус | M | SD | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ромска етничка заедница | Дали имате пријател - Бошњак? | Невработен | 2,08 | 1,15 | 3,914 | 0,011 |
| | | Хонорарно ангажиран | 2,25 | 0,46 | | |
| | | Вработен на определено време | 2,21 | 0,79 | | |
| | | Вработен на неопределено време | 2,40 | 1,12 | | |
| | Дали би сакале да имате близок пријател - Влав? | Невработен | 1,53 | 0,51 | 3,174 | 0,028 |
| | | Хонорарно ангажиран | 1,89 | 0,33 | | |
| | | Вработен на определено време | 1,90 | 0,45 | | |
| | | Вработен на неопределено време | 1,81 | 0,45 | | |
| | Дали би сакале да имате близок пријател - Србин? | Невработен | 1,61 | 0,50 | 2,898 | 0,039 |
| | | Хонорарно ангажиран | 1,89 | 0,33 | | |
| | | Вработен на определено време | 1,90 | 0,40 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вработен на неопределено време | 1,81 | 0,43 | | |
| | Дали сметате дека Албанците треба да се исклучат од државата? | Невработен | 1,05 | 0,23 | 4,593 | 0,005 |
| | | Хонорарно ангажиран | 1,00 | 0,00 | | |
| | | Вработен на определено време | 1,30 | 0,47 | | |
| | | Вработен на неопределено време | 1,04 | 0,19 | | |
| | Дали би примиле гости во вашиот дом - Власи? | Невработен | 1,66 | 0,48 | 3,335 | 0,023 |
| | | Хонорарно ангажиран | 2,00 | 0,00 | | |
| | | Вработен на определено време | 1,95 | 0,22 | | |
| | | Вработен на неопределено време | 1,78 | 0,42 | | |
| | Дали би примиле гости во вашиот дом - Бошњаци? | Невработен | 1,68 | 0,48 | 3,852 | 0,012 |
| | | Хонорарно ангажиран | 2,00 | 0,00 | | |
| | | Вработен на определено време | 1,95 | 0,22 | | |
| | | Вработен на неопределено време | 1,89 | 0,32 | | |
| | Дали би оделе на гости кај - Бошњаци? | Невработен | 1,66 | 0,48 | 4,536 | 0,005 |
| | | Хонорарно ангажиран | 2,00 | 0,00 | | |
| | | Вработен на определено време | 2,00 | 0,00 | | |
| | | Вработен на неопределено време | 1,81 | 0,40 | | |

За сите горенаведени статистики, постои статистички значајна разлика на 0,05 или 0,01. Во продолжение следуваат заклучоци кои произлегоа од подеталната анализа на податоците, ќе бидат презентирани според етничка припадност.

- **Македонци**

1. Испитаниците кои се хонорарни ангажирани имаат најголема доверба во Власите, потоа следуваат вработените на неопределено време,  невработените, а најмалку доверба имаат вработените на определено време.
2. Најмногу би ги прифатиле Власите за соседи испитаниците кои се вработени на неопределено време и оние кои се хонорарно ангажирани, а потоа следуваат невработените, додека пак, најмалку би ги прифатиле оние кои се вработени на определено време.
3. Се повторува истиот тренд, односно на прашањето „Дали имате пријател – Влав/инка?‟, најчесто пријатели имаат оние кои се хонорарно ангажирани или се вработени на неопределено време, додека пак, невработените и вработените на определено време поретко имаат пријатели Власи.
4. Во однос на пријателствата со Србите, добиен е наодот дека почесто пријатели од овие две етнички заедници имаат испитаниците кои се вработени на определено и/или вработени на неопределено време. Додека пак, почесто пријатели Бошњаци имаат испитаниците кои се хонорарно ангажирани.
5. Кога би биле работодавачи, хонорарно ангажираните најмногу би ангажирале за работници – Бошњаци во споредба со испитаниците со различен работен статус.

- **Албанци**

1. Најголема доверба во Бошњаците имаат оние коишто се хонорарно ангажирани, потоа следуваат вработените на неопределено време, вработените на определено време и на крај невработените како група којашто има најниска доверба во Бошњаците.

- **Турци**

1. Вработените на определено време најчесто имаат пријатели Бошњаци, а најретко имаат оние коишто се хонорарно ангажирани.

- **Роми**

1. Вработените на неопределено време најчесто имаат пријатели Бошњаци, а невработените најретко. Вработените на определено време најчесто би сакале да имаат пријател Власи и Срби, во споредба со останатите испитаници.
2. Вработените на определено време најмногу сметаат дека Албанците треба да се исклучат од државата.
3. Хонорарно ангажираните испитаници најчесто би примиле Власи и Бошњаци за гости во своите домови во споредба со останатите заедници, а исто така хонорарците и испитаниците кои се вработени на определено време најчесто би оделе на гости кај Бошњаци.

**Според религиска припадност добиени се следниве заклучоци:**

- Македонци

1. Највисока доверба во Србите имаат испитаниците кои се атеисти и/или православни, додека пак, најниска доверба имаат испитаниците со исламска вероисповест.
2. Католиците и атеистите најчесто би прифатиле соседи Власи, додека пак атеистите и православните најчесто би прифатиле соседи Срби.
3. Испитаниците – католици, најчесто имаат пријатели Власи.

*Табела 12: Статистички разлики според образование*

| Етничка заедница | Прашање | Работен статус | M | SD | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонска етничка заедница | Колкава доверба имате во Ромите? | Немам образование | 1,75 | 1,50 | 4,392 | 0,005 |
| | | Основно | 1,75 | 1,65 | | |
| | | Средно | 2,18 | 1,25 | | |
| | | Високо | 2,59 | 1,28 | | |
| | Дали би сакале да имате близок пријател – Ром? | Немам образование | 1,50 | 0,58 | 3,281 | 0,021 |
| | | Основно | 1,38 | 0,52 | | |
| | | Средно | 1,55 | 0,50 | | |
| | | Високо | 1,69 | 0,47 | | |
| | Дали би работеле заедно со Ром? | Немам образование | 1,75 | 0,50 | 4,318 | 0,005 |
| | | Основно | 1,50 | 0,54 | | |
| | | Средно | 1,70 | 0,46 | | |
| | | Високо | 1,83 | 0,38 | | |
| | Дали сметате дека ромите треба да се исклучат од државата? | Немам образование | 1,25 | 0,50 | 4,630 | 0,003 |
| | | Основно | 1,38 | 0,52 | | |
| | | Средно | 1,25 | 0,43 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Високо | 1,12 | 0,32 | | |
| | Дали би примиле гости во вашиот дом – Роми? | Немам образование | 1,75 | 0,50 | 2,717 | 0,044 |
| | | Основно | 1,63 | 0,52 | | |
| | | Средно | 1,71 | 0,46 | | |
| | | Високо | 1,82 | 0,38 | | |
| | Дали би оделе на гости кај Роми? | Немам образование | 2,00 | 0,00 | 3,943 | 0,009 |
| | | Основно | 1,50 | 0,53 | | |
| | | Средно | 1,71 | 0,45 | | |
| | | Високо | 1,83 | 0,38 | | |
| | Кога би биле работодавач – дали би вработиле Роми? | Немам образование | 1,75 | 0,50 | 4,476 | 0,004 |
| | | Основно | 1,38 | 0,52 | | |
| | | Средно | 1,70 | 0,46 | | |
| | | Високо | 1,81 | 0,39 | | |
| Албанска етничка заедница | Дали сметате дека Ромите треба да се исклучат од државата? | Немам образование | 2,00 | 00 | 3,062 | 0,036 |
| | | Основно | 1,00 | 0,00 | | |
| | | Средно | 1,06 | 0,23 | | |
| | | Високо | 1,13 | 0,34 | | |
| Ромска етничка заедница | Дали би работеле заедно со Албанец? | Немам образование | 1,50 | 0,58 | 5,445 | 0,002 |
| | | Основно | 1,89 | 0,38 | | |
| | | Средно | 1,96 | 0,21 | | |
| | | Високо | 1,97 | 0,17 | | |
| | Дали сметате дека Ромите треба да се исклучат од државата? | Немам образование | 1,50 | 0,57 | 28,723 | 0,000 |
| | | Основно | 1,00 | 00 | | |
| | | Средно | 1,00 | 00 | | |
| | | Високо | 1,00 | 00 | | |
| | Дали би примиле гости во вашиот дом – Албанци? | Немам образование | 1,50 | 0,58 | 3,584 | 0,017 |
| | | Основно | 1,88 | 0,35 | | |
| | | Средно | 1,96 | 0,20 | | |
| | | Високо | 1,92 | 0,28 | | |
| | Дали би примиле гости во вашиот дом – Бошњаци? | Немам образование | 1,50 | 0,57 | 3,183 | 0,028 |
| | | Основно | 1,63 | 0,51 | | |
| | | Средно | 1,83 | 0,38 | | |
| | | Високо | 1,91 | 0,28 | | |

За сите горенаведени податоци прикажани во табелата, постои статистички значајна разлика на 0,05 или 0,01. Во продолжение следуваат заклучоци кои произлегоа од подеталната анализа на податоците, ќе бидат презентирани според етничка припадност.

- **Македонци**

1. Најголема доверба во Албанците, Турците, Ромите, Власите, Србите и Бошњаците имаат испитаниците со завршено високо образование, а најниска имаат оние коишто се со завршено основно образование или немаат завршено никакво образование.
2. Испитаниците со високо завршено образование би сакале да имаат соседи Власи, а најмалку би прифатиле соседи Власи оние испитаници кои немаат завршено образование.
3. Повторно, образованието игра важна улога и во релациите со останатите заедници, така што, оние испитаници коишто имаат завршено високо образование имаат пријатели Албанци, а исто така оние испитаници со високо образование би сакале да имаат близок пријател Ром, за разлика од оние коишто немаат завршено образование кои не би сакале близок пријател Ром.
4. Во однос на работењето заедно со Ромите, оние коишто имаат високо образование најмногу би работеле со Роми заедно, а впечатливо е тоа што втори кои би работеле заедно со Роми се оние кои немаат образование.

5. Испитаниците со средно образование, најчесто сметаат дека Ромите треба да се исклучат од државата, а најмалку го делат овој став испитаниците коишто имаат завршено високо образование.
6. Во однос на одењето на гости и примањето на гости, испитаниците со високо образование најмногу би примиле гости Роми, а втори по нив, повторно се оние кои немаат образование, по што повторно се забележуваат крајностите. Оние кои немаат образование и оние кои имаат завршено високо образование исто така, најчесто би оделе на гости кај Роми во споредба со останатите групи на граѓани.
7. Во однос на вработувањето, односно кога би биле работодавачи, оние испитаници кои имаат завршено високо образование најчесто би вработиле Роми.

- **Албанци**

1. Оние кои немаат завршено образование, најчесто сметаат дека Ромите треба да се исклучат од државата.

- **Роми**

1. Испитаниците со завршено високо и средно образование најчесто би работеле заедно со Албанци, во споредба со останатите групи испитаници.
2. Испитаниците кои немаат завршено образование, сметаат дека Ромите треба да се исклучат од државата.
3. Испитаниците со завршено високо и средно образование најчесто би примиле гости Албанци и Бошњаци во споредба со испитаниците кои имаат завршено основно или немаат образование.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. **Најприфатлива заедница за соседи, пријатели, брачни партнери, соработници, вработени итн. се припадниците на мнозинската заедница, односно припадниците на македонската етничка заедница.**

Согласно на тоа што македонската етничка заедница е мнозинска заедница, очекувани се резултатите кои упатуваат на тоа дека генерално заедниците би сакале да соработуваат или да имаат релации со оваа заедница, а дополнително е важно да се истакне тоа што со оглед на тоа дека станува збор за прв дел од анализата, мнозинството на испитаници исто така се припадници на македонската етничка заедница.

2. **Втора најприфатена заедница според прегледот на вкупните одговори на испитаници се припадниците на турската етничка заедница.**

Овој податок навидум се чини како нов, меѓутоа е во согласност со претходни анализи кои се спроведени на територија на Република Северна Македонија, конкретно со претходна публикација во којашто е добиен резултат дека најниска недоверба покрај етничките Македонци има во припадниците на турската етничка заедница[13]

3. **Најмалку прифатена и најдискриминирана заедница е ромската, а потоа следува албанската заедница**

Воглавно најниска доверба според прегледот на резултатите во првиот дел имаат етничките Роми, а потоа следуваат етничките Албанци. Карактеристично е покрај тоа што припадниците на ромската заедница се втори според бројот на испитаници во оваа анализа, сепак оваа заедница е од страна на вкупниот број на испитаниците е доживувана како „најмалку доверлива" и воглавно добива највисок процент на негативни „Не" одговори од страна на испитаниците. Ваквиот тренд не е зачудувачки со оглед на тоа што токму ромската етничка заедница се смета за најдискриминирана во државата, а тоа го потврдија и одговорите на сите испитаници, меѓутоа и во претходни анализи на оваа тема. Како на пример, во едно истражување во коешто таргет беа децата се покажало дека сите деца освен Ромите ја гледаат својата етничка група низ позитивно светло, само Ромите се цел на најинтензивно негативно стереотипизирање и социјално дистанцирање од страна на другите деца[14].

Покрај Ромите, најниска доверба уживаат припадниците на албанската етничка заедница, коишто се јавуваат како втора заедница со најнизок процент на доверба, но и најчеста заедница која добива одговор „Не" на прашања кои се поврзани со тоа дали испитаниците би ги прифатиле како соседи, брачни партнери, соработници, вработени итн. Меѓутоа, разликата помеѓу Ромите и Албанците е тоа што, Ромите добија највисок процент на одговори дека се најдискриминирани, за разлика од Албанците кои според испитаниците се најпривилегирани во Република Северна Македонија, по што би можело да се дојде до заклучок дека поради различни причини се условно кажано „помалку доверливи" овие две заедници за испитаниците.

[13] Клековски, С. (2011). Меѓуетничките односи во Македонија. https://mcms.mk/images/docs/2011/megjuetnickite-odnosi-vo-makedonija.pdf
[14] Бешка, В.Б., Најчевска, М и сор. (2009). Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието, УНИЦЕФ, Скопје. https://www.unicef.org/northmacedonia/media/1826/file

**Во однос на статистичките разлики помеѓу припадниците на различен пол, дојдено е до следниве заклучоци:**

1. **Жените од македонска етничка припадност повеќе од мажите би сакале да имаат соседи од различна етничка заедница.**

Според резултатите, жените повеќе од мажите би сакале да имаат соседи Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби и Бошњаци.

2. **Машките од македонска етничка припадност повеќе од жените се отворени за стапување во брак со припадници на други етнички заедници.**

Машките повеќе од жените би сакале да стапат во брак со припадници на: албанска, турска, ромска, влашка, српска и бошњачка заедница.

3. **Женските со македонска етничка припадност повеќе од мажите би работеле со Власи и Бошњаци, исто така, жените во споредба со мажите повеќе би вработиле Албанци, Власи и Бошњаци од мажите.**

4. **Машките со македонска етничка заедница повеќе се за ставот да се исклучат Албанците и Власите од државата за разлика од жените, исто така припаднички на македонската етничка заедница.**

5. **Мажите со ромска етничка припадност повеќе од жените се отворени за стапување во брак со различни заедници**

Мажите Роми повеќе од жените би стапиле во брак со припадниците на македонска, албанска, турска, влашка, српска, бошњачка етничка припадност.

6. **Жените Ромки повеќе од Мажите би примиле гости Власи**

7. **Машките припадници на бошњачка етничка заедница повеќе од жените би стапиле во брак со припадници на албанска етничка заедница.**

**Општ заклучок за споредбата помеѓу испитаници со различен пол**

Според добиените податоци може да се заклучи дека генерално испитаничките од женски пол, воглавно повеќе од мажите ги прифаќаат припадниците на другите етнички заедници, при што повеќе би сакале да имаат соседи, соработници, вработени од друга етничка заедница во споредба со мажите. Ваквиот заклучок остава простор за истражување на причините за ваквите резултати, дали жените повеќе комуницираат со припадници на други етнички заедници и поради тоа повеќе и ги прифаќаат, дали мажите поради претходните конфликти на балканско тло, но и на државно ниво, повеќе претпочитаат да ја фаворизираат сопствената етничка заедница на сметка на другите. Овие и многу други отворени прашања се важни и заслужуваат дополнителни истражувања. Во однос на полот, единствено мажите се повеќе отворени за стапување во брак со припаднички од друга заедница, во споредба со жените, а по овој заклучок се поставува прашањето дали традицијата и/или религијата влијаат врз изборот на брачниот партнер на жените, особено поради тоа што во текот на истражувањето се покажува дека воглавно припадниците на истата религија се прифаќаат меѓусебно

**Следуваат заклучоците од инференцијална статистика, односно заклучоци од добиените наоди кои ги објаснуваат разликите помеѓу испитаниците со различен работен статус:**

1. Испитаниците – Етнички Македонци кои се хонорарни ангажирани имаат најголема доверба во Власите, потоа следуваат вработените на неопределено време, невработените, а најмалку доверба имаат вработените на определено време.

2. Етничките Македонци најмногу би ги прифатиле Власите за соседи испитаниците кои се вработени на неопределено време и оние кои се хонорарно ангажирани, а потоа следуваат невработените, додека пак, најмалку би ги прифатиле оние кои се вработени на определено време.

3. Кај етничките Македонци - се повторува истиот тренд, односно на прашањето „Дали имате пријател – Влав/инка?‟, најчесто пријатели имаат оние кои се хонорарно ангажирани или се вработени на неопределено време, додека пак, невработените и вработените на определено време поретко имаат пријатели Власи.

4. Во однос на пријателствата на етничките Македонци, добиен е наодот дека почесто пријатели Срби имаат испитаниците кои се вработени на определено и/или вработени на неопределено време. Додека пак, почесто пријатели Бошњаци имаат испитаниците кои се хонорарно ангажирани.

5. Етнички Македонци - кога би биле работодавачи, оние кои се со работен статус: хонорарно ангажирани најмногу би ангажирале за работници – Бошњаци во споредба со испитаниците со различен работен статус.

6. Од етничките Албанци најголема доверба во Бошњаците имаат оние коишто се хонорарно ангажирани, потоа следуваат вработените на неопределено време, вработените на

определено време и на крај невработените како група којашто има најниска доверба во Бошњаците.

7. Од етничките Турци, вработените на определено време најчесто имаат пријатели Бошњаци, а најретко имаат оние коишто се хонорарно ангажирани.

8. Кај испитаниците Роми - вработените на неопределено време најчесто имаат пријатели Бошњаци, а невработените најретко. Вработените на определено време најчесто би сакале да имаат пријател Власи и Срби, во споредба со останатите испитаници.

9. Етничките Роми – Вработени на определено време најмногу сметаат дека Албанците треба да се исклучат од државата.

10. Кај етничките Роми - хонорарно ангажираните најчесто би примиле Власи и Бошњаци за гости во своите домови во споредба со останатите заедници, а исто така хонорарците и испитаниците кои се вработени на определено време најчесто би оделе на гости кај Бошњаци.

**Општ заклучок за споредбата помеѓу испитаници со различен работен статус**

Според добиените податоци, нема изразен тренд според којшто работниот статус е поврзан со степенот на прифаќање на припадници на други етнички заедници. Може да се забележи од заклучоците дека понекогаш вработените на неопределено време се повеќе отворени за соработка и имаат повисок степен на прифаќање на други заедници, а понекогаш невработените. Ваквите заклучоци не оддаваат јасна слика во однос на влијанието на работниот статус врз меѓуетничката доверба, иако сепак може да се забележи благ тренд на тоа дека воглавно вработените на определено или на неопределено време се повеќе отворени за соработка со другите заедници, што би можело да значи дека секојдневната работна комуникација има значајна улога во зголемувањето на довербата во другите заедници.

**Следуваат заклучоци од добиените наоди кои ги објаснуваат разликите помеѓу испитаниците со различна религиска припадност:**

11. Во однос на етничките Македонци - највисока доверба во Србите имаат оние испитаниците кои се атеисти и/или православни, додека пак, најниска доверба имаат испитаниците со исламска вероисповест.

12. Од етничките Македонци - Католиците и атеистите најчесто би прифатиле соседи Власи, додека пак атеистите и православните најчесто би прифатиле соседи Срби.

13. Кај етничките македонци, испитаниците католици, најчесто имаат пријатели Власи.

**Општ заклучок за споредбата помеѓу испитаници со различна религиска припадност**

Со оглед на тоа што има значајна разлика во однос на низок број од прашањата, сепак може накратко може да се заклучи дека религијата има важна улога во формирањето и одржувањето на односите помеѓу заедниците, при што припадниците на иста религија имаат и повисок степен на прифаќање, додека припадниците на различна религија, имаат понизок степен на прифаќање.

**Следуваат заклучоците од инференцијална статистика за разликите помеѓу испитаниците со различен образовен степен.**

14. Од етничките Македонци најголема доверба во Албанците, Турците, Ромите, Власите, Србите и Бошњаците имаат испитаниците со завршено високо образование, а најниска имаат оние коишто се со завршено основно образование или немаат завршено никакво образование.

15. Од етничките Македонци, испитаниците со високо завршено образование би сакале да имаат соседи Власи, а најмалку би прифатиле соседи Власи оние испитаници кои немаат завршено образование.

16. Повторно, кај етничките Македонци, образованието игра важна улога и во релациите со останатите заедници, така што, оние испитаници коишто имаат завршено високо образование имаат пријатели Албанци, а исто така оние испитаници со високо образование би сакале да имаат близок пријател Ром, за разлика од оние коишто немаат завршено образование кои не би сакале близок пријател Ром.

17. Во однос на работењето заедно со Ромите, кај испитаниците кои се етнички Македонци, оние коишто имаат високо образование најмногу би работеле со Роми заедно, а впечатливо е тоа што втори кои би работеле заедно со Роми се оние кои немаат образование.

18. Испитаниците етнички Македонци со средно образование, најчесто сметаат дека Ромите треба да се исклучат од државата, а најмалку го делат овој став испитаниците коишто имаат завршено високо образование.

19. Во однос на одењето на гости и примањето на гости, испитаниците етнички Македонци со високо образование најмногу би примиле гости Роми, а втори по нив, повторно се оние кои немаат образование, по што повторно се забележуваат крајностите. Оние кои немаат образование и оние кои имаат завршено високо образование исто така, најчесто би оделе на гости кај Роми во споредба со останатите групи на граѓани.

20. Во однос на вработувањето, односно кога би биле работодавачи, кај етничките Македонци – од испитаниците кои имаат завршено високо образование најчесто би вработиле Роми.

21. Во однос на етничките Албанци - оние кои немаат завршено образование, најчесто сметаат дека Ромите треба да се исклучат од државата.

22. Испитаниците етнички Роми со завршено високо и средно образование најчесто би работеле заедно со Албанци, во споредба со останатите групи испитаници.

23. Испитаниците етнички Роми кои немаат завршено образование, сметаат дека Ромите треба да се исклучат од државата. (веројатно станува збор за техничка грешка – не го разбраа прашањето)

24. Испитаниците етнички Роми со завршено високо и средно образование најчесто би примиле гости Албанци и Бошњаци во споредба со испитаниците кои имаат завршено основно или немаат образование.

**Општ заклучок за споредбата помеѓу испитаници со различен образовен статус**

Според добиените податоци, јасно може да се забележи тренд којшто укажува на тоа дека образованието има важна улога во унапредувањето на односите помеѓу етничките заедници. Повисокиот степен кај испитаниците значи и зголемена можност да прифатат припадници на други заедници како пријатели, соседи итн. Токму образованието се покажува како важна алатка за подобрување на меѓуетничките односи, веројатно една од причините која дополнително треба да се истражи е дали испитаниците кои завршиле повисок степен на образование веројатно имале можност да се образуваат заедно со припадници на други заедници и самиот контакт со нив ја зголеми и нивната отвореност за соработка. Понатаму, би можело да се истражи поврзаноста на наставната содржина со отвореноста кон другите етнички заедници, влијанието на наставниот кадар за развивање на меѓуетничка доверба итн. Сепак, добиениот наод е позитивен, бидејќи јасно е покажано дека образованието има исклучително важна улога и треба да се искористи како потенцијал за развивање на меѓуетничката доверба и соработка којашто се покажала пак, како важна за целокупниот развој на државата.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Државен завод за статистика (2002). Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија.

- Државен завод за статистика на Македонија (2002). Попис на населението во Македонија.

- Институт за демократија „Социетас Цивилис". ( https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2009/10/upload_news_Prezentacija_OFA.pdf )

- Сашо Клековски (2011), МЦМС: Меѓуетничките односи во Македонија достапно на https://mcms.mk/images/docs/2011/megjuetnickite-odnosi-vo-makedonija.pdf

- Министерство за информатичко општество и администрација (2020). Годишен извештај од регистарот на вработените во јавниот сектор 2019.
- Билјана Котевска и Кумјана Новакова (2018), Ефективно политичко учество на помалите етнички заедници во локалната самоуправа во Република Македонија достапна на http://studiorum.org.mk/evrodijalog/15/pdf/EVRODIJALOG_Br_15_Kotevska_Novakova_MAK.pdf

- Флориан Биебер (2008). Поделба на власта и спроведување на охридскиот рамковен договор.

- Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020-2022
- Година (https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_ednoopshtestvo_29.10.2019.pdf )

- Бешка, В.Б., Најчевска, М и сор. (2009). Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието, УНИЦЕФ, Скопје. https://www.unicef.org/northmacedonia/media/1826/file

- Одлука за прогласување на уставот на Република Македонија (https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/Odluka%20za%20proglasuvanje%20na%20Ustavot%20na%20RM.pdf )

- Охридски Рамковен договор (2001).( https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/ramkoven_dogovor-3.pdf )

- Републичка изборна комисија „Извештај за спроведувањето и резултатот од претходното изјаснување на граѓаните на Република Македонија на референдумот одржан на 8 септември 1991 година", 2 стр. (https://old.sec.mk/star/arhiva/1990_Referendum/Izvestaj_za_sproveden_referendum_1990.pdf

# ПРИЛОЗИ

## ПРАШАЛНИК

*** 1. Пол**

Женски

Машки

*** 2. На која возрасна група припаѓате?**

До 18 години

18-29 години

30-44 години

45+ години

*** 3. Општина на живеење:**

*** 4. Која е Вашата етничка припадност?**

Македонска

Албанска

Турска

Ромска

Влашка

Српска

Бошначка

Друго (Ве молиме наведете)

**5.Кој е Вашиот највисок образовен степен?**

Немам завршено никакво образование

Основно образование

Средно образование

Високо образование (додипломски, магистерски и докторски студии)

**6.Кој е Вашиот работен статус?**

Невработен/а

Хонорарно ангажиран/а

Вработен/а на определено време

Вработен/а на неопределено време (со решение)

**7.Која е Вашата религиска припадност?**

Православна

Исламска

Католичка

Атеист

Не припаѓам на ниту една религија

Друга религија (Ве молиме наведете)

**8.На скала од 1 до 5 колкава доверба имате во следниве етнички заедници**

| | Воопшто | 2 | 3 | 4 | Многу |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | | | | | |
| Албанци | | | | | |
| Турци | | | | | |
| Роми | | | | | |
| Власи | | | | | |
| Срби | | | | | |
| Бошњаци | | | | | |

**9.Дали би сакале да имате сосед/ка од следниве етнички заедници?**

| | Да | Не |
|---|---|---|
| Македонци | | |
| Албанци | | |
| Турци | | |
| Роми | | |
| Власи | | |
| Срби | | |
| Бошњаци | | |

**10.Дали имате пријател/ка од следниве етнички заедници?**

| | Да | Не |
|---|---|---|
| Македонци | | |
| Албанци | | |
| Турци | | |
| Роми | | |
| Власи | | |

| | | |
|---|---|---|
| Срби | | |
| Бошњаци | | |

**11.Дали би сакале да имате близок пријател/ка од следниве етнички заедници?**

| | Да | Не |
|---|---|---|
| Македонци | | |
| Албанци | | |
| Турци | | |
| Роми | | |
| Власи | | |
| Срби | | |
| Бошњаци | | |

**12.Дали би стапиле во брачна заедница со припадници на следниве етнички заедници?**

| | Да | Не |
|---|---|---|
| Македонци | | |
| Албанци | | |
| Турци | | |
| Роми | | |
| Власи | | |
| Срби | | |
| Бошњаци | | |

**13.Дали би работеле заедно со припадници од следниве етнички заедници?**

| | Да | Не |
|---|---|---|
| Македонци | | |
| Албанци | | |
| Турци | | |
| Роми | | |
| Власи | | |
| Срби | | |
| Бошњаци | | |

**14.Дали сметате дека некој од следниве етнички заедници треба да се исклучи од земјата во која живеете?**

| | Треба да се исклучат | Не треба да се исклучат |
|---|---|---|
| Македонци | | |
| Албанци | | |
| Турци | | |
| Роми | | |
| Власи | | |
| Срби | | |
| Бошњаци | | |

**15.Република Македонија е држава на:**

Македонците

Албанците

Турците

Ромите

Власите

Србите

Бошњаците

Сите коишто живеат во неа

**16.Дали би примиле гости во Вашиот дом од следниве етнички заедници**

| | Да | Не |
|---|---|---|
| Македонци | | |
| Албанци | | |
| Турци | | |
| Роми | | |
| Власи | | |
| Срби | | |
| Бошњаци | | |

**17.Дали би оделе на гости кај некоја од следниве етнички заедници?**

| | Да | Не |
|---|---|---|
| Македонци | | |
| Албанци | | |
| Турци | | |
| Роми | | |
| Власи | | |
| Срби | | |
| Бошњаци | | |

**18.Кога би биле работодавач и би имале потреба од нов вработен/а дали би вработиле:**

| | Да | Не |
|---|---|---|
| Македонци | | |
| Албанци | | |
| Турци | | |
| Роми | | |
| Власи | | |
| Срби | | |
| Бошњаци | | |

**19.Според вас, која од долунаведените заедници е дискриминирана во нашата државата во изминатите 2 години?**

| |
|---|
| Македонците |

| |
|---|
| Албанците |
| Турците |
| Ромите |
| Власите |
| Србите |
| Бошњаците |

**20.Според вас, која од долунаведените заедници е најпривилигирана во нашата држава во изминатите 2 години?**

| |
|---|
| Македонците |
| Албанците |
| Турците |
| Ромите |
| Власите |
| Србите |
| Бошњаците |